Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално - станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Македонија

-СУТКОЗ-

# С Т А Т У Т

на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално - станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Македонија - СУТКОЗ

19,Јуни 2023 година

Врз основа на член 188 од Законот за работни односи на  11-тиот Конгрес на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално - станбеното стопанство, занаетчиството и заштитни друштва на Македонија одржан на ден 28.05.2021 година, се донесе:

# С Т А Т У Т
## на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално - станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Македонија СУТКОЗ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално - станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Македонија (во понатамошниот текст - СУТКОЗ) е самостоен синдикат, кој се залага за остварување на посебни и колективни интереси, унапредување и заштита на економските, материјалните и социјалните права во врска со работниот однос, како и на културните и другите интереси на своето членство.

СУТКОЗ е самостоен Синдикат, независен од политичките партии, државните органи и институции, верските заедници и организации, работоводните органи во претпријатијатијата, институциите и работодавачите.

СУТКОЗ учествува во изградувањето на политиката, ставовите и одлуките на Сојузот на синдикатите на Македонија.

СУТКОЗ, во остварувањето на своите цели и задачи ги користи сите средства и облици на синдикална борба во рамките на Уставот, Законите и Колективните договори.

Член 2

Со овој Статут се утврдува целта, внатрешната организација, името, седиштето, подрачјето на дејствување, симболот, органите и телата на Синдикатот, начинот на нивниот избор и отповикување, постапката за зачленување и престанување на членството, начинот на одредување на членарината, начинот и постапката на донесување на измени и дополнувања на Статутот, правилниците и другите општи акти, начинот на стекнување на имотот, располагање и надзор над него, како и престанување на работата на Синдикатот.

Член 3

СУТКОЗ има својство на правно лице со сопствена жиро сметка и учествува во платниот промет согласно законските прописи.

СУТКОЗ го сочинуваат сите негови организациони форми утврдени со овој Статут.

СУТКОЗ заради остварување на интересите на своите членови презема дејствија утврдени со Уставот, Законите и Колективните договори.

СУТКОЗ ги претставува неговите членови, преговара во нивно име, ги заштитува и им овозможува бесплатна правна помош и судска заштита, материјално ги помага, организира и води штрајк.

СУТКОЗ доброволно се здружува во Сојузот на синдикатите на Македонија и е негов конститутивен дел.

СУТКОЗ може да се здружува и во други сојузи и во меѓународни синдикални организации.

Член 4

СУТКОЗ дејствува на територијата на цела Држава.

СУТКОЗ го сочинува членството од следните дејности:

- угостителство и туризам;
- комунално - станбено стопанство;
- услужни дејности и производно занаетчиство,
- заштитните друштва и
- други дејности.

Член 5

СУТКОЗ своето делување го засновува врз:

- самостојност и автономност;
- единство во остварувањето на интересите на членството;
- взаемност и солидарност;
- одговорност на членството, органите и организациите за изградба и реализација на донесените ставови;
- правото на членство за заштита на поединечните, посебните и заедничките интереси;
- демократско донесување на одлуките на сите нивоа и јавност во работењето;
- почитување на меѓународните конвенции, Уставот, Законите и Колективните договори.

Член 6

СУТКОЗ остварува соработка со сродни меѓународни синдикални организации и може да членува во меѓународни сродни асоцијации.

СУТКОЗ го информира членството и јавноста за ставовите, одлуките и акциите преку своите гласила и гласилата на ССМ, web страната, средствата за јавно информирање и на други начини.

## 2. НАЗИВ И СЕДИШТЕ

Член 7

Називот на Синдикатот е: „Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално - станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Македонија“.

Скратениот назив на Синдикатот е СУТКОЗ.

Седиштето на СУТКОЗ е во Скопје, на ул. „Мирче Ацев “ бр.4, во зградата на Сојузот на синдикатите на Македонија.

## 3. АМБЛЕМ, ЗНАМЕ И ПЕЧАТ

### Член 8

СУТКОЗ има свој амблем, кој на симболичен начин го претставува карактерот на организацијата.

Амблемот е во форма на ромбоид во сина боја на кој со бели букви е напишан скратениот назив на Синдикатот „СУТКОЗ“, а под него со сини букви е напишано „на Македонија“

### Член 9

СУТКОЗ има свое знаме кое е со ширина од 80 см. и должина од 160 см. со сина боја, на кое се наоѓа амблемот на Синдикатот.

### Член 10

Печатот на СУТКОЗ е тркалезен и го содржи следниот назив „Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално - станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Македонија – Претседателство – Скопје“. Во средината на печатот со големи букви се наоѓа кратенката СУТКОЗ, а во долниот дел кратенката ССМ.

Печатот е со димензии согласно законските прописи во Државата.

## 4. НАЧЕЛА НА РАБОТА (ПРИНЦИПИ И ДЕЛУВАЊЕ)

### Член 11

СУТКОЗ програмските определби ќе ги спроведува според начелата на самостојност, активности независност, а особено на:

- заштита на заедничките и посебните интереси на членовите;
- взаемност и солидарност меѓу членовите;
- единство во остварување на интересите на членовите на СУТКОЗ;
- демократско донесување на одлуки на сите нивоа на организираност;
- одговорност на членството, органите и организацијата за изградба и реализација на донесените ставови;
- јавност во работењето;
- почитувањена Уставот,  законите, колективните договори и
- почитување на прифатените меѓународни и други конвенции;

## 5. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

### Член 12

СУТКОЗ во своето делување ќе се залага за доследност во остварувањето на следните цели и задачи:

- учествува во договарање за утврдување на реална економска цена на работна сила и остварување на најниска плата;
- заедно со надлежниот орган, го потпишува Колективниот договор на вработените во оваа дејност и го следи и помага спроведувањето на Колективниот договор;
- учествува во изработка на предлог текстовите на законите и другите прописи со кои се определуваат економската и социјалната положба на членовите на СУТКОЗ;
- подобрување на условите за работа, безбедност и здравје при работа, работна средина, заштита на здравјето и животот на вработените во процесот на работа;
- ги уредува и застапува правата од работен однос на своите членови;
- за остварување на правата и барањата на членовите на Синдикатот, разговара, иницира, преговара и како последно средство на синдикална борба, организира и води штрајк, согласно законските прописи;
- информирање на членството и јавноста за својата работа;
- остварување на соработка со други синдикати и меѓународни синдикални организации;
- вршење синдикално образование и развој на синдикални кадри;
- давање правна заштита и правна помош на своите членови во остварување на правата од работен однос со учество во постапката за уредување на правата, обврските и одговорностите на правата што произлегуваат од работниот однос;
- формира солидарен фонд на ниво на СУТКОЗ за солидарност, хуманост и материјална помош на членовите;
- учествува во остварување на други цели и активности во согласност со улогата, функцијата и делокругот на работа, утврдени со програмата за работа, кои се од заеднички интерес на членовите на СУТКОЗ.

За остварување на целите, СУТКОЗ има своја програма.

## 6. ЧЛЕНУВАЊЕ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОТ, ЧЛЕНСКА КНИШКА И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО

Член 13

Членувањето во СУТКОЗ е доброволно.

Во СУТКОЗ може да се зачлени секој работник кој е вработен во една од дејности назначени во член 4, став 3.

Работникот врз основа на слободно изразена желба се зачленува во СУТКОЗ, со потпишување на пристапница во синдикалната организација во претпријатието или институцијата каде работи, односно во повисоките облици на организирање на СУТКОЗ, ако во неговото претпријатие или институција нема синдикална организација.

Со потпишувањето на пристапницата се потврдува прифаќањето на Статутот на СУТКОЗ, актите и Одлуките неговите органи и тела.

Член 14

На лицата кои имаат преговарачки овластувања во однос на правата на работниците, статусот член на Синдикатот им мирува додека им трае мандатот на функцијата.

Член 15

Права и обврски на членот на СУТКОЗ се:

- да покренува иницијатива за склучување на колективни договори
- остварување на колективни договори со кои се обезбедува материјална и социјална сигурност, по основ на работа како и потполна заштита на работа;
- бесплатна правна помош и застапување во остварување на заштитата на правата од работа и во врска со работа;
- да користи средства од солидарниот фонд;
- објективно, сестрано и навремено да биде информиран;
- да го изнесува сопственото мислење и да учествува во изградувањето на политиката, програмите и ставовите на СУТКОЗ;
- почитување и спроведување на одлуките на СУТКОЗ;
- да биде биран и непосредно да учествува во постапката за предлагање и избор на членовите на органите во СУТКОЗ;
- да покрене иницијатива за утврдување на одговорност и изрекување на соодветни мерки на членови на СУТКОЗ и органите на сите нивоа доколку

не ја спроведуваат или не се придржуваат на утврдената синдикална политика, усвоените ставови и одлуки и одредбите од овој Статут;

- учество во штрајк согласно Законите, Колективниот договор и овој Статут.
- синдикално образование и оспособување на членовите за работа и потребите на СУТКОЗ;
- редовно и навремено да плаќа членарина;
- набавка на производи и други потреби по повластени услови;
- организира синдикални рекреативни активности ;
- да го чува и издигнува угледот на СУТКОЗ;
- да го почитува Статутот на СУТКОЗ;
- да работи на прибирање на нови членови;
- да остварува и други права кои се утврдени со овој Статут, Колективен договор и други акти на СУТКОЗ.

Член 16

Членот на синдикатот со потпишување на пристапница се воведува во единствената евиденција на СУТКОЗ.

Член 17

Членството во СУТКОЗ престанува со:

- пополнување на отстапница;
- бришење од евиденција;
- исклучување од СУТКОЗ во посебна постапка.

Со престанок на членството во СУТКОЗ се губат сите права на членот и престануваат обврските.

Членот на СУТКОЗ, кој сака доброволно да истапи од СУТКОЗ, согласно основите наведени во овој Статут, истапувањето ќе може да го направи после 3 години од денот на поднесувањето на Барањето за истапување од СУТКОЗ.

Членот не може доброволно да истапи од СУТКОЗ доколку користел финансиски средства по основ на солидарност од средствата на СУТКОЗ без разлика дали станува збор за средства од синдикалната организација, средства на СУТКОЗ, Синдикалниот фонд или други фондови на СУТКОЗ. Доброволно истапување не важи ниту во случаите кога членот користел право што е обезбедено со Колективен договор, потпишан од страна на СУТКОЗ или со друг документ (Спогодба, Договор и сл.) со надлежните социјални партнери и тоа на сите нивоа, а со користење на некои од тие права членот добил зголемување на финансиските средства или подобрување на статусот на работнотоместо, како и ослободување од казни кои произлегуваат од надлежните државни органи (инспекции, раководни органи во установата, судови и сл.), како заслуга на мерки и активности на органите на СУТКОЗ.

Член 18

Членот кој не плаќа членарина повеќе од 3 (три) месеци последователно, односно 6 (шест) месеци во годината според одредбите од овој Статут, се брише од евиденцијата за членување во СУТКОЗ.

Исклучок од ставот еден на овој член се членовите на СУТКОЗ кои користат подолготрајно боледување или неплатено отсуство.

Исклучувањето односно бришењето од евиденцијата го врши Претседателот на СУТКОЗ и Извршниот одбор на СУТКОЗ поради непочитување на статутарните правила и програмски обврски, и доколку неговото однесување му нанесува штета на СУТКОЗ и неговите членови.

На одлуката за исклучување, членот има право на жалба до Претседателството на СУТКОЗ во писмена форма, во рок од 8 дена, од денот на добивањето на одлуката.

На седницата на Претседателството на СУТКОЗ на која се разгледува жалбата, подносителот на жалбата има право да се брани.

Членот кому му престанало членството поради бришење од евиденција, доколку изрази желба повторно да се зачлени, за што треба писмено да се обрати до Извршниот Одбор, со молба за прием.

## 7. ОРГАНИЗИРАНОСТ НА СУТКОЗ

Член 19

Синдикалната организација е основен облик на организирање на членството на СУТКОЗ.

Синдикалната организација има свој печат и трансакциска сметка, но нема својство на правно лице.

Печатот на синдикалната организација е тркалезен и го содржи следниот назив: „Синдикална организација на Синдикатот на (назив на претпријатието и место), а во средината на печатот се наоѓа амблемот на СУТКОЗ.

Претседателот на СУТКОЗ дава овластување по предходно потпишана изјава од Претседателот на Синдикалната организација за отврање на трансакциската сметка која се добива по основ на правниот субјективитет на СУТКОЗ.

Потписниците на трансакциската сметка на Синдикалната организација се Претседателот на СУТКОЗ, Претседателот на Синдикалната организација и во одредени случаи потписник може да биде уште еден член на Синдикалната организација.

Потпишувањето може да биде поединечно, колективно или комбинирано.

Член 20

Иницијатива за формирање на синдикална организација можат да покренат група вработени или СУТКОЗ.Синдикалната организација се конституира врз принципот - една синдикална организација на СУТКОЗ во трговско друштво или претпријатие, со најмалку 3 члена.

Член 21

Синдикалната организација има свој печат и трансакциска сметка и делува согласно одредбите на овој Статут.

Во исклучителни ситуации, поради неправилности во работењето, Претседателот на СУТКОЗ или Извршниот одбор на СУТКОЗ може времено да ја блокира трансакциската сметка на синдикалната организација..

По отстранување на неправилностите во работењето, Претседателот на СУТКОЗ или Извршниот одбор на СУТКОЗ ќе донесе одлука за деблокирање на трансакциската сметка на синдикалната организација.

Доколку Надзорниот одбор на СУТКОЗ утврди злоупотреба на трансакциската сметка, како и во случај на престанок на работа на синдикалната организација по било кој основ, Претседателот на СУТКОЗ, Извршниот одбор и Претседателството на СУТКОЗ може да донесе одлука за затворање на трансакциската сметка.

Во случај на престанок на работа на синдикалната организација од претходниот став, имотот и средствата на синдикалната организација се пренесуваат на СУТКОЗ.

Член 22

Органи на синдикалната организација се:

- Собрание
- Претседател,
- Извршен одбор, и

- Надзорен одбор

Член 23

Собранието на синдикалната организација го сочинуваат сите членови на организацијата.

Собранието бира претседател на синдикалната организација.

Постапката за свикување на Собрание на синдикалната организација се регулира со посебна одлука на Претседателот н СУТКОЗ и Претседателството на СУТКОЗ.

Ако синдикалната организација брои повеќе од 25 члена, избира Извршен одбор составен од 3 до 15 члена.

Синдикалните организации со помалку од 25 члена бираат само претседател и надзорен одбор.

Член 24

Мандатот на избраните членови на синдикалната организација трае пет години.

Во случај Собранието на синдикалната организација да се одржи најмногу 12 месеци пред одржувањето на Конгресот на СУТКОЗ, мандатот може да трае и подолго, а за што Одлука носи Претседателот или Претседателството на СУТКОЗ

Мандатот на членовите на органите и носителите на функции во Синдикалните организации и СУТКОЗ, во услови кога е прогласена воена или вонредна состојба, кризна состојба, елементарни непогоди, виша сила, донесени Одлуки со кои се ограничува можоста за организирање на собири, седници и др., од страна на надлежен државен орган или институција ( Претседател на Државата, Собрание, Влада или др.) во годината во која согласно Сататутот на СУТКОЗ се спроведуваат изборни активности и се одржува Конгрес на СУТКОЗ и истиот од такви причини неможе да се одржи, се продолжува најмалку за времетраењето на прогласената воена или вонредна состојба, кризна состојба, елементарни непогоди, виша сила, донесени Одлуки со кои се ограничува можоста за организирање на собири, седници и др., од страна на надлежен државен орган или институција ( Претседател на Државата, Собрание, Влада или др.), се додека не се создадат соодветни услови и се одржи Конгрес на СУТКОЗ.

Член 25

Извршниот одбор е извршен орган на синдикалната организација.

Бројот на членовите на Извршниот одбор е во зависност од бројот на членовите во синдикалната организација и тој може да изнесува од 3 до 15 члена.

Член 26

Извршниот одбор ги извршува следните работи:

- ги подготвува седниците на синдикалната организација;
- ги спроведува одлуките на Синдикатот;
- се грижи за подобрување на условите за работа и заштита при работа;
- преговара за колективниот договор на ниво на работодавец и негово склучување по предходна согласно од Претседателот или Претседателството на СУТКОЗ и, се грижи за негова доследна примена;
- се грижи за заштита на правата на членовите на Синдикатот кои произлегуваат од службата односно од работата која ја извршуваат;
- ги претставува членовите во дисциплинските постапки како и други постапки во претпријатието или институцијата во која работат;
- обезбедува услови за слободно и непречено синдикално дејствување;
- применува различни форми на предупредување и притисок, вклучувајќи го и штрајкот во соработка и согласност со повисоките органи на СУТКОЗ;
- овозможува користење на услуги и производи за членовите по поповолни услови без право на превземање гаранции и потпишување на договори со кои се превземаат финансиски обврски на товар на синдикалната организација или СУТКОЗ, и
- превзема и други активности кои се од интерес за членството.

Член 27

Претседателот е лице кое ја претставува синдикалната организација.

Претседателот истовремено е и претседател на Извршниот одбор.

Претседателот го бира Собранието на синдикалната организација со мандат од пет години.

Доколку во синдикалната организација од било кои причини не се избере претседател, него може да го именува претседателот на СУТКОЗ.

Бројот на мандатите на претседателот на синдикалната организација не е ограничен.

Член 28

Должности на претседателот на синдикалната организација се:

- организирање, спроведување и надзор на сите активности на синдикалната организација;
- се залага за вистинито и навремено информирање на членството на синдикалната организација и СУТКОЗ;
- се залага за унапредување и заштита на интересите на членовите;
- ги претставува членовите на Синдикатот пред работодавачот;
- преговара со раководните структури на претпријатието, институцијата, организационите единици и надвор од нив,заради заштита на економските,социјалните и други права од работен однос;
- ја спроведува утврдената синдикална политика на СУТКОЗ;
- ги спроведува заклучоците и ставовите на СУТКОЗ;
- остварува контакти со претседателот на СУТКОЗ,повисоките органи на синдикатот и присуствува на договорените состаноци;
- дејствува независно од органите на раководење кај работодавачот, и е претседател на штрајкувачкиот одбор во случај на штрајк на синдикалната организација;
- еднаш годишно поднесува извештај за финансиското работење пред извршниот одбор;
- се залага за воведување и зачленување на нови членови, и
- врши други работи во согласност со Статутот;

Член 29

Претседателот на синдикалната организација има права и ужива имунитет утврден со Закон, овој Статут и Колективен договор.

На избраниот или именуваниот претседател, СУТКОЗ му издава потврда.

Формата и содржината на потврдата ја одредува Претседателот на СУТКОЗ.

Член 30

Надзорниот одбор брои најмалку 3 члена и се бира на Собрание на синдикалната организација.

Членовите на Надзорниот одбор неможат да бидат и членови на Извршниот одбор.

Надзорниот одбор врши контрола над материјално-финансиското работење на синдикалната организација.

Надзорниот одбор најмалку еднаш на 12 месеци врши надзор и изготвува извештај за прибирање и користење синдикалната членарина која останува во синдикалната организација.Извештајот на Надзорниот одбор, се доставува до Извршниот одбор на синдикалната организација на разгледување и усвојување по што се доставува до СУТКОЗ.

Доколку Надзорниот одбор утврди неправилности во материјално-финансиското работење на синдикалната оранизација, должен е веднаш да го извести Претседателот на СУТКОЗ.

Член 31

Органите на синдикалната организација се изборни.

Мандатот на членовите на органите во синдикалната организација е пет години, без ограничување на можноста за повторен избор.

Претседателот на синдикалната организација, односно членот на органот може да поднесе оставка доколку не може да ги извршува обврските или ако оставка бараат најмалку 2/3 од членовите, со писмена изјава на секој член поединечно, заверена на нотар.

Претседателот на синдикалната организација, односно членот на органот може да биде разрешен од страна на Претседателот на СУТКОЗ или Претседателството на СУТКОЗ доколку неговите ставови и мислења се во спротивност со ставовите на СУТКОЗ.

Претседателот на синдикалната организација, односно членот на органот може да биде отповикан и кога 2/3 од членовите не се задоволни од неговата работа, со писмена изјава на секој член поединечно, заверена на нотар.

Член 32

Одлуката за распишување на избори во синдикалните организации донесува Претседателот или Претседателството на СУТКОЗ, а начинот и постапката за избор на членови на органите и носителите на функции се регулира со Упатство.

Член 33

Изборите можат да бидат со јавно или тајно гласање.

За полноважен избор нужно е присуство на мнозиството од вкупниот број на членови.

За избрани се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство од присутните членови.

Член 34

Во случај на пасивност и неактивност на синдикалната организација или активности кои се спротивни на Статутот, Програмата и интересите на членството, Претседателот на СУТКОЗ може да донесе одлука за разрешување на претседателот и/или Извршниот одбор на синдикалната организација.Доколку претседателот на синдикалната организација биде разрешен согласно ставот 1 на овој член, Претседателот на СУТКОЗ именува претседател и Извршен одбор.

ОРГАНИ НА СУТКОЗ

Член 35

Органи на СУТКОЗ се:

- Конгрес,
- Претседателство,
- Извршен одбор,
- Надзорен одбор, и
- Претседател.

1. Конгрес

Член 36

Конгресот е највисок орган на СУТКОЗ и се свикува на пет години.

Одлука за датумот и местото на одржувањето, како и предлог за дневниот ред за работата на Конгресот, донесува Претседателството на СУТКОЗ.

Конгресот го сочинуваат делегати избрани во синдикалните организации и по функција делегати на Конгресот се и членовите на претседателството на СУТКОЗ.

Членовите на Надзорен одбор на СУТКОЗ учествуваат во работата на Конгресот со право на одлучување.

Предлагање, утврдување, начин на избор и број на делегатите на конгресот и членовите на органите на СУТКОЗ ги утврдува Претседателството на СУТКОЗ со посебни одлуки.

За делегати на конгресот и за членови на органите на СУТКОЗ не можат да бидат избрани синдикални членови кои не плаќаат синдикална членарина освен од оправдани причини.

Во услови кога е прогласена воена или вонредна состојба, кризна состојба, елементарни непогоди, виша сила, донесени Одлуки со кои се ограничува можоста за организирање на собири, седници и др., од страна на надлежен државен орган или институција ( Претседател на Државата, Собрание, Влада или др.) во годината во која согласно Статутот на СУТКОЗ се спроведуваат изборни активности и се одржува Конгрес на СУТКОЗ, одржувањето на Конгрес на СУТКОЗ се одлага, а Конгрес на СУТКОЗ ќе се одржи кога ќе престане прогласената воена или вонредна состојба, кризна состојба, елементарни непогоди, виша сила, донесени Одлуки со кои се ограничува можоста за организирање на собири, седници и др., од страна на надлежен државен орган или институција ( Претседател на Државата, Собрание, Влада или др.)“, односно кога ќе се создадат соодветни услови за тоа, за што Одлука носи Претседателството на СУТКОЗ.

Мандатот на Претседателот на СУТКОЗ и членовите на органите избрани на претходниот конгрес или избрани или именувани од страна на Советот во меѓуконгресниот период, престанува во моментот на изборот или именувањето на новиот состав од страна на Конгресот или од страна на Советот во меѓуконгресниот период.

Член 37

Иницијатива за Конгрес во меѓуконгресниот период се поднесува потпишана од најмалку 2/3 од членовите на СУТКОЗ во писмена форма кога ќе се оцени дека Претседателството на СУТКОЗ и Извршниот одбор не можат да дејствуваат врз дотогашната Програма и Статутот и кога не ги остваруваат заедничките програмски задачи.

Иницијативата потпишана од најмалку 2/3 од членовите на СУТКОЗ се доставува до Претседателот и Претседателството на СУТКОЗ.

Доколку Претседателството на СУТКОЗ во рок од 30 работни дена по поднесувањето на иницијативата, не одговори на иницијативата, иницијаторите

можат да свикаат Конгрес во меѓуконгресен период, подготвуваат нацрт - документи и ги доставуваат до делегатите од последниот редовен Конгрес во рок од еден месец пред одржувањето на Конгресот.

Конгрес во меѓуконгресен период може да се свика: со Одлука на претседателството на СУТКОЗ, потпишана од две третини (2/3) од членовите на Собранијата или Извршните Одбори на Синдикалните Организации кои членуваат во Суткоз , со дадена писмена изјава на секој член поединечно, заверена на Нотар , од две третини (2/3) од членството во синдикалните организации кои членуваат во СУТКОЗ за одржување на Конгрес во меѓуконгресен период.

Иницијатива за Конгрес во меѓуконгресен период може да се поднесе најмалку 3 (три) години по одржување на последниот Конгрес или последната иницијатива за Конгрес во меѓуконгресен период.

Мандатот на органите на СУТКОЗ избрани на Конгрес во меѓуконгресен период е се до одржување на редовниот Конгрес на СУТКОЗ, а мандатот на Претседателот на СУТКОЗ избран на Конгрес во меѓуконгресен период е до одржување на редовениот Конгрес на СУТКОЗ.

Член 38

За полноважна работа на Конгресот потребно е присуство на најмалку половина од делегатите на Конгресот, а одлуките се полноважни ако за нив се изјаснат мнозинството од присутните.

Член 39

Конгресот на СУТКОЗ ги има следните надлежности:

- Донесува Деловник за работа на Конгресот;
- Донесува Статут на СУТКОЗ и врши измени и дополнувања;
- Донесува Програма за работа;
- донесува петгодишен Финансиски план за поддршка на СУТКОЗ;
- врши избор на членовина Надзорниот одбор;
- го усвојува Извештајот за работа на Претседателството на СУТКОЗ за периодот помеѓу два Конгреса;
- врши избор на Претседател на СУТКОЗ;
- врши верификација на избраните можни кандидати во синдикалните организации за членови за органите на СУТКОЗ;

Конгресот избира работно претседателство, а за расправата и одлуките се води записник.

## 2. Претседателство на СУТКОЗ

### Член 40

Претседателството на СУТКОЗ (во натамошен текст-Претседателството) е највисок постојан орган кој работи и дејствува помеѓу два Конгреса.

Претседателството го сочинуваат верифицирани членови на Конгрес и избраниот Претседател на СУТКОЗ.

Претседателството на СУТКОЗ меѓу два конгреса на предлог на Претседателот на СУТКОЗ го верифицира мандатот на членовите на Претседателството на СУТКОЗ на кои им прекинал мандатот согласно Статутот на СУТКОЗ.

Претседателството ги остварува функциите на СУТКОЗ утврдени со овој Статут и дејствува врз основа на програмската ориентација и политика на СУТКОЗ, како и ставовите и одлуките на Конгресот на ССМ.

### Член 41

Функции и надлежности на Претседателството се:

- донесува Деловник за работа на Претседателство;
- на предлог на основните организации, помеѓу два Конгреса, врши измени и дополнувања на Статутот на СУТКОЗ, но најмногу до 1/3 од Статутот. Одлука за измени и дополнувања на Статутот на СУТКОЗ се донесува со мнозинство од присутните членови на Претседателството;
- донесува годишен Финансиски план за подршка на СУТКОЗ, врз основа на петгодишниот Финансиски план донесен од Конгресот;
- формира Извршен одбор од 5 члена од Претседателството на СУТКОЗ,;
- донесува посебен Правилник за избор на членовите на Извршниот одбор во кој ја дефинира работата и надлежноста на Извршниот одбор;
- донесува Правилник за солидарна помош на членовите на СУТКОЗ;
- на предлог на Претседателот на СУТКОЗ донесува одлуки за солидарна помош;
- донесува одлука за ставовите и предлозите кои ги предлага Советот на ССМ;
- ја усвојува завршната сметка на СУТКОЗ;
- склучува Колективен договор на ниво на гранка и ја следи неговата реализација, учествува во изработката на Општиот колективен договор и ги застапува поширокие интереси на членството од соодветните дејности;

- донесува општи акти и други акти со кои се уредуваат правата и обврските на работниците вработени во СУТКОЗ;
- предлага решенија и учествува при донесување на закони и други прописи со кои се определува општествено - економската положба на работниците од соодветната дејност;
- се грижи за реализација на барањата на членството за подобрување на условите за работа;
- ја утврдува цената на работната сила и најниската плата за обезбедување на социјалната и материјална сигурност на работниците и се залага истата да биде почитувана од потписниците на Колективниот договор;
- иницира покренување на постапки и предлага мерки за разрешување на економските, социјалните, еколошките, образовно - културните и други интереси на членството пред надлежните органи;
- утврдува единствени ставови по сите прашања од интерес на членството и работниците;
- ја координира работата на организациите и органите на СУТКОЗ заради реализирање на Програмата и Статутот;
- се грижи за развојот и организационата поставеност на СУТКОЗ со доградување и усовршување на синдикалното организирање, оспособување на синдикалното членство и кадри и организира семинари и советувања;
- дава автентично толкување на Статутот;
- води активности за остварување на меѓународната синдикална соработка и воспоставување на билатерална соработка со синдикати од својата дејност;
- учествува во развојот и усовршувањето на системот за информирање;
- ја оценува оправданоста од организирање на штрајк на ниво на работодавач, генерален штрајк на ниво на ССМ и СУТКОЗ со изјаснување на над 50% од членството на СУТКОЗ, и носи заклучок за организирање на штрајк на ниво на работодавач, генерален штрајк, иницира, организира и го води генералниот штрајк на ниво на СУТКОЗ и се грижи за ефектите од истиот. Одлука за генерален штрајк се донесува доколку позитивно се изјаснат една половина од членовите на Претседателство;
- распишува и спроведува избори во синдикалните организации и СУКТОЗ и ја регулира изборната постапка;
- носи одлука за бројот, составот и структурата на делегатите на Конгресот на СУТКОЗ;
- носи одлука за бројот, составот и структурата на органите на СУТКОЗ;
- утврдува кандидати за Претседател на СУТКОЗ;
- носи одлука за делегати и членови на органи на Конгрес на ССМ од СУТКОЗ;
- утврдува предлог-текст на Статутот;

- учествува во утврдувањето на ставовите на ССМ, одговорно е за нивно реализирање и самостојно ги извршува своите задачи во согласност со Статутот на СУТКОЗ;
- формира комисии и други тела за одделени области од животот и работата на членството.
- ги верифицира избраните кандидати во синдикалните организации, за делегати на конгресот на ССМ;
- ги верифицира избраните кандидати во синдикалните организации, за членови за Советот на ССМ (членови на органи на СУТКОЗ не можат да бидат и членови на Совет на ССМ);

Претседателството на СУТКОЗ е одговорно пред Конгресот на СУТКОЗ за остварување на функциите за кои е надлежен.

Член 42

Помеѓу одржување на два Конгреса, член на Претседателството може да биде разрешен ако не ги спроведува ставовите, одлуките и задолженијата на СУТКОЗ, како и заради континуираната неактивност и неоправдано отсуство од седниците на Претседателството три пати едно по друго.

Одлука за разрешување донесува Претседателот на СУТКОЗ или Претседателството на СУТКОЗ.

По основот од став 1 на овој член можат да бидат разрешени најмногу до 2/3 од членовите на Претседателството.

На местото на разрешениот член на Претседателството, на предлог на Извршниот одбор, Претседателот на СУТКОЗ именува нов член, со мандат до одржување на Конгресот.

## 3. Извршен одбор на СУТКОЗ

Член 43

Извршниот одбор е орган на СУТКОЗ.

Председателот и Секретарот на СУТКОЗ, по функција се членови на Извршниот одбор.

Во тек на мандатниот период, Извршниот одбор може да врши замена на членовите на својот состав.

Извршиот одбор ги остварува функциите на СУТКОЗ утврдени со овој Статут и дејствува врз основа на програмските определби.

Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред членството, Претседателството и Конгресот на СУТКОЗ.

Член 44

Извршниот одбор на СУТКОЗ работи на остварување на следните задачи:

- ги извршува утврдените активности од страна на Претседателството на СУТКОЗ;
- ја координира работата на синдикалните организации, комисии и органи на СУТКОЗ заради реализирање на програмските определби;
- утврдува ставови од интерес на членството кои треба да се спроведат единствено;
- учествува во утврдување на најниска плата за обезбедување на материјална и социјална сигурност на своето членство;
- ги штити правата на членството од работен однос за подобрување на условите за работа;
- остварува меѓународна синдикална соработка;
- со работодавецот остварува разговори, преговори, предупредувања вклучувајќи и генерален штрајк во согласност со законските прописи;
- ги спроведува изборите и донесува одлуки и упатства во врска со нив;
- го спроведува и унапредува информирањето во рамките на СУТКОЗ и пошироката јавност;
- предлага кандидати за членови наорганите и комисиите на СУТКОЗ;
- донесува одлуки и заклучоци од интерес за членовите на СУТКОЗ;
- го спроведува планот за работење на СУТКОЗ;
- предлага содржини за придонесување на закони и други прописи со кои се определува општествено-економската положба на работниците од оваа дејност и за истото ги известува надлежните органи;
- се грижи за развој на организационата поставеност на СУТКОЗ, доградување и усовршување на синдикалното организирање, оспособување на членството и синдикалните кадри преку семинари, советувања и сл.;
- дејствува и се ангажира за создавање на соодветни услови за одмор, и рекреација на членството, и обезбедува непосредно учество на синдикалниот претставник при распределување и користење на објектите за одмор и рекреација на органот на управата;
- по потреба формира групи како постојани или повремени тела;

- донесува деловник за работа на Извршниот одбор;
- одлучува по жалби и барања на членовите на СУТКОЗ;
- донесува одлуки за набавка, трговија, туризам, осигурување, штедење, клупско живеење, угостителски и други услуги,а во интерес на потребите на членството;
- организира синдикални спортски игри, натпревари, синдикално образование и друго, по одлука на Претседателството, и
- донесува други одлуки и врши други работи од својата надлежност, а во интерес на членството.

Член 45

Извршниот одбор на СУТКОЗ во својата работа е должен да ги применува принципите на јавност во работата, демократско донесување на одлуки и контрола врз нивното извршување.

Извршниот одбор може да работи кога на седниците присуствуваат две третини од неговите членови, а одлуките се полноважни ако за нив се изјаснат мнозинство од присутните членови.

Член 46

Членовите на Извршниот одбор ги имаат следните права и обврски:

- активно да учествуваат во работата на Извршниот одбор, и
- да ги следат состојбите и проблемите и да предлагаат мерки за нивно надминување и разрешување и да придонесуваат за спроведување на заклучоците на Извршниот одбор и Претседателството.

Член 47

Членот на Извршниот одбор може да биде разрешен ако не ги спроведува ставовите, одлуките и задолженијата на СУТКОЗ, како и заради континуираната неактивност и неоправдано отсуство од седниците на Извршниот одбор три пати едно по друго.

Одлука за разрешување донесува Претседателот или Претседателството СУТКОЗ.

Член 48

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 5 години, односно до наредниот Конгрес и може да биде повторен.

4. Надзорен одбор

Член 49

Надзорниот одбор врши контрола врз материјалното и финансиското работење на Извршниот одбор, Претседателството, комисиите и другите избрани органи и тела, и врз основа на наодите доставува извештај до Извршниот одбор и Претседателството на СУТКОЗ.

Надзорниот одбор е составен од 3 члена. Членовите на Надзорниот одбор ги бира Конгресот, односно помеѓу два Конгреса - Претседателството на СУТКОЗ.

Членовите на Надзорниот одбор од својот состав избираат Претседател.

Членовите на Претседателството, Извршниот одбор, Претседателот и Секретарот не можат да бидат членови на Надзорниот одбор.

Мандатот на членовите трае 5 години, односно до наредниот Конгрес и може да биде повторен.

Надзорниот одбор најмалку еднаш на 3(три) месеци мора да врши контрола и ревизија на вкупното финансиско работење, примената на одлуките, правилникот, податоците на книговодствената евиденција за прибирање и користење на средства. За извршената ревизија се составува записник.

Годишниот извештај го доставува до Претседателството на СУТКОЗ.

Надзорниот одбор има право и без претходно најавување да изврши контрола на финансиското работење.

Органите на СУТКОЗ се должни да овозможат увид на документацијата со која се докажува правилноста на севкупното материјално и финансиско работење.

Надзорниот одбор учествува во работата на Конгресот и поднесува извештај за својата работа, безправо да гласа за него.

Надзорниот одбор, по барање на органите на СУТКОЗ, врши надзор на финансиското работење на синдикалните организации, при што соработува со надзорните одбори на синдикалните организации.

## 5. Претседател на СУТКОЗ

### Член 50

Претседателот на СУТКОЗ го претставува и застапува СУТКОЗ и е работодавач на вработените во СУТКОЗ.

Претседателот на СУТКОЗ истовремено е и претседател на Претседателството на СУТКОЗ и Извршниот одбор на СУТКОЗ.

Мандатот на Претседателот на СУТКОЗ трае 5 години и истиот може да биде повторен.

### Член 51

Претседателот ги извршува следните работи:

- ја насочува активноста на СУТКОЗ и се грижи за почитување на Статутот, реализирање на програмата за работа, одлуките и заклучоците на Претседателството и Извршниот одбор;
- свикува седници на Претседателството на СУТКОЗ и други органи и раководи со нив и е одговорен за спроведување на одлуките и заклучоците на органите;
- ги иницира и координира активностите на органите на СУТКОЗ;
- иницира активности и предлага мерки по актуелни прашања од интерес на членството;
- презентира одредени настани и проблеми на членството пред органите на СУТКОЗ и учествува во разрешување на истите;
- го спроведува годишниот Финансиски план за подршка на СУТКОЗ;
- доставува предлог до Претседателството за донесување на Одлука за одобрување на солидарна помош;
- по потреба може да свика состанок во било која синдикална организација;
- остварува соработка со други синдикати како и со синдикати и здруженија на повисоко ниво на организирање во Државата и во странство, и го претставува и застапува СУТКОЗ;
- го застапува СУТКОЗ во правниот и финансискиот промет;
- управува со финансиските средства и имотот на СУТКОЗ;

- наредбодател е за средствата на Синдикатот;
- ги склучува колективните договори на ниво на гранка како и други договори;
- остварува соработка со надворешни органи и институции во Републиката и пошироко, и
- врши други работи во согласност со овој Статут.

Претседателот за својата работа е одговорен пред Конгресот, Претседателството и членството на СУТКОЗ.

Во случај на трајна спреченост, несреќа или смрт на претседателот на СУТКОЗ, претседателството на СУТКОЗ со мнозинство гласови носи одлука со која се назначува вршител на должност претседател на СУТКОЗ со надлежности согласно став 1 од овој член на Статутот.
Мандатот на в.д. претседателот на СУТКОЗ е до одржувањето на Конгрес на СУТКОЗ за избор на нов претседател на Суткоз.

## СЕКРЕТАР НА СУТКОЗ

### Член 52

Секретарот на СУТКОЗ го избира Претседателството на СУТКОЗ на предлог на Претседателот на СУТКОЗ или на предлог од 1/2 од членовите на Претседателството. Функцијата Секретар се обавува професионално или волонтерски. Доколку се извршува професионално тогаш истиот заснова работен однос во СУТКОЗ.

Мандатот на Секретарот трае 5 години и истиот може да биде повторен.

Секретарот на СУТКОЗ ги подготвува седниците на Претседателството, Извршниот Одбор, и другите органи и тела на СУТКОЗ, учествува во нивната работа, ја организира и усогласува работата на синдикалните организации на СУТКОЗ, дава стручна помош, ја организира работата и стручните служби, ја организира работата за материјално и финансиско работење во СУТКОЗ и врши други работи согласно заклучоците на Претседателството, Извршниот Одбор и Претседателот на СУТКОЗ. За својата работа Секретарот е одговорен пред Претседателот, Извршниот Одбор и Претседателството на СУТКОЗ.

Паричен надомест се исплатува од жиро сметка на СУТКОЗ, во вид на функционерски додаток во висина не помалкуод просечната плата во РМ.

## ВНАТРЕШНИ ОДНОСИ, ОДЛУЧУВАЊЕ И ШТРАЈК

### Член 53

Органите и организациите на СУТКОЗ дејствуваат врз принципите и одредбите на овој Статут.

Одлуките и ставовите на Конгресот, Претседателството и другите органи на СУТКОЗ се задолжителни за членовите и синдикалните организации.

Одлуките на органите на СУТКОЗ се носат со јавно гласање, освен во случаите поинаку уредени со овој Статут, односно деловниците за работа.

Органите на СУТКОЗ можат да носат одлуки ако во нивната работа учествуваат повеќе од половината членови. Одлуките се донесени кога за нив ќе се изјаснат повеќе од половината од присутните членови на органот.

Во синдикалните организации и нивните органи за носење на одлуките потребно е присуство на мнозинството од членовите на органите, а одлуките се донесени ако за нив се изјасниле повеќе од половината од присутните членови.

Органите на СУТКОЗ и синдикалните организации можат да доделуваат награди и признанија за исклучителни активности на членовите и активистите на Синдикатот.

### Член 54

Штрајкот е организиран прекин на работа на членовите на СУТКОЗ заради остварување на економските и социјалните интереси по основ на работни односи.

Штрајкот се спроведува под услови утврдени со, Законите, колективените договор и според одредбите на овој Статут.

За спроведување на најавен штрајк се носи Правилник за организација и спроведување на штрајк.

### Член 55

Штрајкот може да биде организиран на ниво на синдикална организација на СУТКОЗ доколку затоа се изјаснат над 50% од членовите на синдикалната организација.

Изјаснувањето е тајно по пат на референдум. На гласачкото ливче „за" и „против" штрајкот, треба да бидат во кратки црти изнесени и основните барања кои треба да се остварат по пат на штрајк.

Член 56

Иницијатива за генерален штрајк на СУТКОЗ се поведува по барање на Извршниот одбор,или најмалку1/2 од синдикалните организации кои имаат најмалку 1/2 од членството на синдикалните организации.

Одлука за спроведување на иницијативата донесува Претседателството со 2/3 мнозинство од присутните членови.

Изјаснувањето на членовите е тајно по пат на референдум. Одлуката за генерален штрајк ке биде поставена на седницата на Претседателството доколку за генерален штрајк се изјаснат над 50% од членовите на СУТКОЗ.

Одлука за генерален штрајк донесува Претседателството со 2/3 мнозинство од присутните членови, на седница на која се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Претседателството.

Член 57

Доколку во текот на генералниот штрајк дојде до битни промени односно до задоволување во однос на истакнатите барања во штрајкот,и отпочнат преговори, Извршниот одбор во функција на штрајкувачкиот одбор ќе донесе одлука за понатамошниот тек на штрајкот.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА СУТКОЗ

Член 58

Работата на СУТКОЗ се финансира од чланарината на членовите и од други приходи како што се: доброволни прилози, спонзорство, донации, камата на свои средства, банкарски записи, подароци и др.

Висината на членарината изнесува 0,80% од нето личниот доход на членот, од кои 50% за синдикалната организација, а 50% за СУТКОЗ

Членарината на членовите на СУТКОЗ ја пресметува и уплатува финансиската служба на претпријатието при исплата на плата, по Упатство на СУТКОЗ, а врз основа на посебна Одлука на Претседателството на СУТКОЗ.

Членот на Синдикатот, членарината ја плаќа во синдикалната организација на Синдикатот. Распределбата на членарината помеѓу синдикалната организација и СУТКОЗ, со посебна одлука ја регулира Претседателството на СУТКОЗ.

Во СУТКОЗ можат да се развиваат претприемачки односи и врз тие основи да се формираат фондови за одделни намени кои функционираат врз начелата на солидарност.

Финансиско работење на органите на СУТКОЗ се врши во согласност со законските прописи.

Своеволно менување, неспроведување на одлуките за распределба на членарината и нерационално користење на средствата се смета како повреда на Статутот.

Документацијата за прибирањето, распределбата и употребата на членарината е јавна и пристапна за членството и повисоките органи.

Сите органи на СУТКОЗ и синдикалните организации се должни најмалку еднаш годишно да поднесат извештај за финансиско работење.

Член 59

Конгресот на СУТКОЗ како највисок орган, а по претходна расправа и согласност на синдикалните организации, на барање на членството може да утврди и поголем или помал процент на синдикална чланарина, ако со истиот можат да се покријат функционалните трошоци на СУТКОЗ.

Член 60

Со финансиските средства на синдикалните организации располагаат извршните одбори, а финансиската документација ја потпишува претседателот.

Во синдикалните организации кои немаат Извршен одбор, со финансиските средства располага претседателот на синдикалната организација.

Синдикалните организации не можат да договараат и да превземаат финансиски обврски на терет на СУТКОЗ.

Во случај на престанок на синдикалната организација, имотот и средствата преминуваат во сопственост на СУТКОЗ.

## СТРУЧНА СЛУЖБА

Член 61

СУТКОЗ има стручна служба која ги извршува правните, административно-техничките и други работи за потребите на Синдикатот и неговите органи и тела.

Одлуката за основање на стручна служба донесува Претседателството.

Описот на работите и работните задачи, делокругот на материјалните и други права на вработените се утврдува со Правилник за систематизација на работните места кој го донесува Извршниот одбор.

Извршниот одбор може извршувањето на дел од работите да ги додели на друг субјект или овластен работник ако оцени дека тоа е поповолно за Синдикатот.

Вработените во стручната служба засноват работен однос во СУТКОЗ.

## ОДНОСИ НА СИНДИКАТОТ СО ССМ

### Член 62

Заради остварување на заедничките и општите интереси на членовите, СУТКОЗ може да биде здружен во Сојузот на синдикати на Македонија, други синдикални асоцијации и здруженија на различни нивоа во Државата и на маѓународно ниво.

Одлуката за здружување односно истапување од ССМ ја донесува Конгесот со 2/3 мнозинство од присутните делегати, по претходно поднесен предлог од синдикалните организации.

За своите потреби Синдикатот може да ја овласти стручната служба на ССМ за извршување на дел од работите од правно-административен, финансиски и технички карактер, како и во однос на правната заштита за неговите членови кои договорно ќе бидат уредени.

Во случај на престанок на ССМ, СУТКОЗ заедно со другите здружени синдикати е правен наследник на правата, имотот и средствата на ССМ.

## ПРЕСТАНОК НА СИНДИКАТОТ

### Член 63

СУТКОЗ може да престане со неговата работа и дејствување доколку Конгресот донесе таква одлука и на него учествуваат 4/5од вкупниот број делегати, а за одлуката гласале 4/5од присутните делегати.

Одлука за престанок  со рабатата на СУТКОЗ донесува Конгресот кој се свикува само за оваа точка од дневниот ред.

Во случај на престанок на СУТКОЗ, Конгресот кој донел Одлука за престанок со работата на СУТКОЗ истовремено решава за правното наследство на имотот и средствата на СУТКОЗ.

Во случај на престанок на СУТКОЗ, имотот и финансиските средства не може да се пренесат на неговите членови туку тие припаѓаат на Синдикатот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 64

Согласно со Законот за општествени организации и здруженија на граѓани на Република Македонија, со Решение бр.38-88051, под реден број 1404 од 12.02.1991 година, СУТКОЗ е впишан во Регистерот на општествени организации.

Согласно со Законот за работни односи, со Решение бр.08-2264/1 од 10.05.1996 година, под број 7, СУТКОЗ е впишан во Регистерот на синдикалните организации при Министерството за труд и социјална политика.

Согласно со Законот за работни односи, со решение бр.08-15709/2 од 21.12.2009 година е извршено преререгистрирање на СУТКОЗ во Министерство за труд и социјална политика и запишан на ден 22.03.2010 година во Централен Регистар на Р.Македонија под ЕМБС 4286197.

### Член 65

Статутот на СУТКОЗ влегува во сила и ќе се применува од денот на неговото донесување.

Статутарните акти на синдикалните прганизации ќе се усогласат со одредбите од овој Статут во рок од 6 месеци од денот на неговото донесување.

Со влегувањето во сила на овој Статут, престанува да важи претходниот Статут донесен на 08.04.2016 година и сите негови измени и дополнувања.

12 Конгрес на СУТКОЗ

19,Јуни 2023 година